**20120120419**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13-а став 2 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ" бр. 4/78, 51//88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/93, 66/07, 84/08 и 135/11), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ОД МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА - ПРОИЗВОДСТВО НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за недонесување на решение од министерот за внатрешни работи по поднесено барање за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи, во случај кога од страна на Министерството за внатрешни работи не е издадено одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи односно не е донесено решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи во рокот утврден во член 13 став 4 од Законот за заштита од експлозивни материи.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник, се поднесува на посебен образец: „Барање до министерот за внатрешни работи за донесување на решение по поднесено барање за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи", изработен во А-4 формат, на хартија во бела боја (Образец број 1).

Образецот од ставот 1 на овој член се дадени во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот на барањето од членот 2 на овој правилник ги содржи следните податоци: назив на органот до кого се поднесува барањето, со посебна назнака „за министерот за внатрешни работи"; презиме и име на подносителот; место и адреса на живеење; контакт телефон; причина поради која се поднесува барањето; прилог кон барањето; датум и место на поднесување на барањето и потпис на подносителот на барањето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 121-3096/1
17 јануари 2012 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Прилог
Образец бр. 1

**До: МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
- писарница на МВР/писарница на министерот за внатрешни работи -
**- ЗА МИНИСТЕРОТ -**

# БАРАЊЕ
## ДО МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА - ПРОИЗВОДСТВО НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ:**

**ПРЕЗИМЕ:**
______________________________________________________________

**ИМЕ:**
______________________________________________________________

**МЕСТО И АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ** ______________________________________
(се запишува местото и адресата на македонски јазик и писмо)

**КОНТАКТ ТЕЛЕФОН**___________________________________________

**На ден _________20__ година, во _____________ имам поднесено барање**
(место на поднесување)
**за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи број _____________.**

**Со оглед дека од страна на Министерството за внатрешни работи не е издадено одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи односно не е донесено решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи, ова барање го доставувам заради донесување решение од страна на министерот за внатрешни работи за уважување односно одбивање на барањето за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи согласно член 13-а став 3 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ“ бр. 4/78, 51//88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 84/08 и 135/11).**

**Кон барањето поднесувам копија од барањето бр. _________ од ________ година, за издавање на одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи.**

___________20_____ година
(датум)

______________________
(место)

**ПОДНОСИТЕЛ**

______________________
(потпис)